

Програмата за стипендирање на **Талент бизнис инкубаторот СТЕП-АП** е наменета за млади бизнис таленти и има цел да обезбеди развој на нивните деловни вештини и нивна интеграција кај своите идни работодавачи.

Во насока на развој и унапредување на вештините потребни на компаниите во брзорастечкиот ИКТ (информациски и комуникациски технологии) сектор и во соработка со едни од најуспешните и најиновативните компании во Македонија Вортекс ЕД, Докстеам и Еликософт, втора година по ред објавуваме

# ЈАВЕН ПОВИК

## за стипендирање на 9 студентки/и

### КОИ УСЛОВИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИТЕ:

- ✓ да сте редовно запишани во **I (прва), II (втора) или III(трета)** година на:
  - ФИНКИ или друг факултет од областа на информациските технологии (ИТ) и компјутерското инженерство (насоки: интернет, мрежи и безбедност, компјутерски науки и компјутерско инженерство, примена на информациски технологии и софтверско инженерство и информациски системи и сл.)
  - ФЕИТ или друг факултет од областа на електротехничкото и електроничкото инженерство (насоки: компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, компјутерско хардверско инженерство и електроника, компјутерски технологии и инженерство и сл.)
- ✓ во текот на досегашното образование да сте постигнале одлични резултати и тоа:
  - ако сте запишани во **II (втора) и III(трета)** година да сте ги положиле сите испити во прва година и да сте постигнале **најмалку 8,50 просечен успех** во студирањето,
  - ако сте запишани во **I (прва)** година да сте оствариле **одличен просечен успех** во средното образование.
- ✓ да се вклучувате во вонфакултетски активности и да работите на својот личен развој и на развојот на општествената околина во која живеете.

### КАКО ДА СЕ ПРИЈАВИТЕ?

Пополнете го електронскиот образец поставен на следниот **линк** најдоцна до 12.11.2018 година до 23:59 ч.

## ШТО ДОБИВАТЕ ДОКОЛКУ БИДЕТЕ ИЗБРАНИ?

- ✓ **Сет на обуки** за развој на вашите деловни и меки вештини.
- ✓ **Менторирање и кариерно советување** во текот на стипендирањето.
- ✓ Обезбедена **практична работа** и вклучување во работните активности на компанијата
- ✓ **Поддршка** во текот на студирањето.
- ✓ Обезбедено **вработување** по завршување на студиите.
- ✓ Професионална **промоција** и забрзан **кариерен развој** по вработувањето.
- ✓ **Месечна стипендија** во текот на студирањето во износ од **7.400,00** денари**.**

## ВАШИТЕ ОБВРСКИ КАКО СТИПЕНДИСТИ:

- ✓ Редовно да ја следите наставата, да ги полагате испитите и студиската година да ја завршите во предвидениот рок и со **просек** не помал од **8,50**.
- ✓ Да извршувате практична работа кај Стипендиторот, во времетраење од најмалку 1 (еден) месец во годината.
- ✓ Да не преминете на друг факултет или студиска насока без согласност од Стипендиторот.
- ✓ Да изготвите дипломска работа, во функција и во договор со Стипендиторот.
- ✓ Редовно да учествувате во обуките од Програмата за развој на стипендисти на Степ-ап.
- ✓ По или непосредно пред дипломирањето да бидете достапни за вработување во согласност со потребите на Стипендиторот.

## ИМАТЕ ПРАШАЊА?

1. Проверете дали вашето прашање е одговорено во одделот „Најчести прашања и одговори (Frequently Asked Questions)“ на www.stepup.com.mk или
2. Пишете ни: stipendiranje@stepup.com.mk



Powered by

Vorteks ED

Designed and implemented by

StepUp
Talent Business Incubator

doXteam

ЕЛИКОСОФТ